Support to Electoral Reforms
in the Western Balkans



# Учество во изборите на лицата со попреченост и изборната администрација во Северна Македонија

## Кус преглед на активноста

Photo: Steven HWG / Unsplash

Финансиран од
Европската Унија

Со финансирање
од

Austrian
Development
Agency

Оценката на Учеството во изборите на лицата со попреченост и изборната администрација во Северна Македонија, спроведена помеѓу ноември 2021 и август 2022 година го анализира и дава препораки за учеството на изборите на лицата со попреченост од аспект на активноста на изборната администрација.

Истражувањето е резултат на заедничката соработка помеѓу проектот „Поддршка на изборните реформи во Западен Балкан" на Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) при Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) финансиран од Европската Унија и Австриската агенција за развој, и Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) во рамките на проектот „Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија" на владата на Швајцарија.

Рамката за оценка е Конвенцијата на Обединетите нации (ОН) за правата на лицата со попреченост (КПЛП), која Северна Македонија ја ратификуваше во 2011 година, како и заложбите на ОБСЕ и други меѓународни стандарди за демократски избори и претходните препораки на мисиите за набљудување избори на ОДИХР. Истражувањето вклучуваше 48 интервјуа, по 2 анкети на 100 изборни службеници, 11 дискусии со фокус групи (првенствено со лица со попреченост и претставници на организации на лица со попреченост (ОЛП), како и преглед на документација. Извештајот дава 33 препораки, од кои 19 се за ДИК а 14 за други тела.

## ДОСЕГАШНИ НАПОРИ

Досега, ДИК има преземено позитивни иницијативни за јакнење на вклученоста и учеството на лицата со попреченост преку зголемување на достапноста на информациите и подобрување на пристапноста на денот на изборите. Иницијативите вклучуваат мапирање на пристапноста на гласачките места со граѓанското општество, обезбедување 134 рампи на гласачките места (најчесто училишта, со што училиштата станаа подостапни за учениците и наставниците со попреченост), и воведување шаблон со брајово писмо кој слепите лица или лицата со оштетен вид можат да го користат за означување на гласачкото ливче. ДИК исто така воведе бесплатна телефонска линија во пристапен формат со помош на која лицата со сензорна попреченост можат да ја контактираат ДИК преку видео повик. Толкувачи на знаковен јазик присуствуваат на некои од состаноците на ДИК, нивната интернет страница е popристапна и ДИК го збогати својот тим на обучувачи со обучувачи вклучени во прашања поврзани со попреченост. ДИК исто така потпиша меморандум за соработка ОЛП „Инклузива" чија цел е подигање на свеста на членовите на комисијата и стручната служба на ДИК.

## КЛУЧНИ НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

Предизвиците поврзани со учеството на изборите предизвикуваат дополнителни потешкотии за лицата со попреченост, поради што тие се чувствуваат понижени и дискриминирани, според мислењето на испитаниците. Тие укажаа на отсуство на овозможувачка средина, застарена национална стратегија за попреченост, и оскудно познавање на КПЛП и нејзините принципи. Тие исто така истакнаа дека потешкотиите поврзани со учеството на избори се особено изразени кај жените и лицата со попреченост од немнозинските етнички групи. Оценката препорача дека ДИК треба да воспостави сеопфатна политика за учество на избори на лицата со попреченост, што е можно поскоро и пред следните избори, врз основа на препораките на КПЛП и ОДИХР, а развиена преку инклузивен процес со ОЛП и други засегнати страни.

Предизвиците околу **пристапноста до политичките партии и нивните внатрешни структури** ја компромитираат способноста на лицата со попреченост да се кандидираат, да прават информирани избори, да се здружуваат и да учествуваат во политичкиот живот.

Понатаму, наодите покажуваат дека лицата со попреченост се недоволно застапени во медиумското известување за изборите, бидејќи прашањата за попреченоста ретко се споменуваат и нема доволно достапна програма. Со тоа се продолжува маргинализацијата и негативните стереотипи, оставајќи ги лицата со попреченост во ризик да бидат исклучени и недоволно информирани при донесувањето изборни одлуки. Во оценката се препорачува дека политичките партии би можеле да преземат чекори во своите внатрешни правила и политики, како што е елаборирање на партиските политики за вклучување лица со попреченост во раководните и извршните структури на партиите и на кандидатските листи, и преземање напори за обезбедување пристапност до партиските простории, информации и состаноци.

**Правната рамка** за избори треба да содржи изречни одредби за лицата со попреченост и да биде усогласена со обврските од КПЛП за да се спречи исклучувањето на лицата со попреченост врз основа на интелектуална или психосоцијална попреченост. Претходните работни групи за ревизија на Изборниот законик вклучуваа претставници од ОЛП само на ад хок основа. Во оценката се препорачува дека лицата со попреченост и нивните претставници треба систематски да бидат консултирани во идните законодавни процеси.

Благодарение на иницијативите на ДИК, **информациите за изборните процеси сега се подостапни** за лицата со попреченост и за оние вклучени во поддршката на лицата попреченост. Меѓутоа, учесниците во фокус групите укажаа на недостатоци и потешкотии во пристапот до информациите на ДИК, и покажаа отсуство на свест за политиките и активностите на ДИК.

Во оценката се препорачува дека ДИК треба дополнително да ги развие своите политики за информирање, едукација на гласачите и работа на терен за да се изгради јавната свест за учеството на лицата со попреченост на избори, како и довербата во институциите. Во оценката се препорачува дека спроведувањето на иницијативите на ДИК за подобрување на **пристапноста на денот на изборите** треба да продолжи и да напредува и дека ДИК треба да ги преиспита аранжманите за гласање за да идентификува други можни подобрувања. Иако недостатокот на независна физичка пристапност на избирачките места останува предизвик и има потреба од понатамошен ангажман со релевантните органи, ДИК треба да ги истражи можностите и опциите за гласање во домовите за згрижување на лица со попреченост, како што тоа го прави за стари лица во такви установи. Домашното гласање обезбедува зголемена можност за учество; сепак, примарниот акцент треба да се стави на максимизирање на пристапот до избирачките места.

## СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

Потребни се конкретни мерки за да се обезбедат де факто еднакви можности на лицата со попреченост за целосно учество во изборите. Наодите и препораките од оваа оценка им нудат на ДИК и други институции и организации низа следни чекори, вклучително и можни акциски планови.

Соработниците во извештајот се обврзаа да ги следат промените кои произлегуваат од овој извештај, како и да дадат поддршка на засегнатите страни кои ќе работат на имплементација на препораките. Извештајот ќе обезбеди основа за организирање серија партиципативни тркалезни маса со релевантните чинители на локално и централно ниво за да се зголеми јавната свест и да се поттикнат акции за застапување.

За повеќе информации, посетете ја: www.osce.org/odihr/wb

*Ставовите, мислењата и содржината изразени во овој извештај не ги одразуваат нужно ставовите на донаторите, проектите или имплементаторите.*